РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ
Примено: 11.04.2022
18 396/5

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

**Бр.13-87/11**
**04.04.2022 година**

# К О Н Е Ч Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

## РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ НА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ

**Доставено:**

**Градоначалникот на Општина Новаци**
**Овластено лице за јавни набавки во Општина Новаци**
**Досие во Одделението за внатрешна ревизија Општина Македонски Брод**

**Македонски Брод, Април, 2022 година**

## СОДРЖИНА НА КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ

*Насловна страна....................................................... 1*

*Содржина............................................................ 2*

*1.Извршно резиме........................................................ 3*

*-Предмет и цели*

*-Вовед и општи информации*

*2.Детален извештај...................................................... 5*

*2.1. Вовед ........................................................................ 5*

*2.2.Опис на системот/процесот........................ 6*

*2.3. Наоди и препораки......................................... 6*

## 1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

### *Вовед и општи информации*

Предмет на конечниот извештај е извршена ревизија на регуларност на јавните набавки во Општина Новаци за 2021 година.

**Цел на ревизијата е** да се добие разумно уверување дека се применува законската регулатива и другите интерни акти кои се однесуваат на јавните набавки во Општина Новаци.

Општина Новаци е ново формирана рурална општина со седиште во населеното место Новаци, формирана со законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Процесот на децентрализација на надлежности и ресурси е започнат на 1 јули 2005 година и во општината се преземени голем број активности за правилно, навремено и успешно преземање на надлежностите од централно на локално ниво.

Јавните набавки како процес можеме да ги поделиме и разгледуваме во три фази (активности) и тоа

1.планирање и подготовка на јавната набавка,

2.спроведување на постапка за јавна набавка (од објавување на оглас за јавна набавка до склучување на договор) и

3.реализација на јавната набавка.

Согласно законот за јавни набавки договорниот орган може да набавува стоки, услуги и работа за кои постои вредносен праг, без да се применува законот за јавни набавки. Во Општина Новаци во 2021 година спроведовме ревизија на процесот на јавни набавки под вредносниот праг за примена на законот за јавни набавки, при што ревизијата утврди пречекорување на вредносниот праг и неправилно евидентирање на јавните набавки под вредносниот праг во кварталната евиденција во системот на Бирото за јавни набавки. Во текот на оваа ревизија направивме проверка дали се отстранети констатирани неправилности и се спроведени дадените препораки, при што констатиравме дека не се отстранети во целост констатираните неправилности.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган (општината) има донесено Годишен план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, во кој е определен предметот на набавката, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. Договорниот орган го донесува планот до крајот на јануари за тековната година. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно планираните и обезбедени средства за јавни набавки. Врз основа на планирањето во ГП за ЈН раководителот на договорниот орган донесува Одлука за јавна набавка.

Општина Новаци, за ревидираниот период има изготвено Годишен план за јавни набавки во кој се планирани набавките за 2021 година.

Од направената анализа на постапките за спроведување на јавните набавки можеме да констатираме дека е почитувана законската регулатива и другите интерни акти. Постапките се водени во електронска форма преку електронскиот систем за ЈН и со спроведување на е-аукција.

Од приложената документеција за јавни набавки и спроведената анализа, во 2021 година во општината се спроведени вкупно 49 јавни набавки од кои 42 јавни набавки за

општината, 3 јавни набавки за ОЈУД детска градинка Бамби и 4 јавни набавки за ОУ Славко Лумбаркоски – Новаци.
Во ревидираниот период спроведени се и две постапки за посебни услуги кои се под вредносниот праг за примена на законот за јавни набавки.
Овластеното лице за јавни набавки поседува сертификат за јавни набавки.

## *Мислење/заклучок*:

Целта на внатрешната ревизија е да се направи проверка дали се почитува законската регулатива при спроведувањето и реализацијата на јавните набавки во општината, што води до рационално, ефективно и ефикасно искористување на финансиските средства. Ревизијата доби разумна увереност дека јавните набавки се извршуваат согласно законската регулатива и целите за стратешкиот развој на Општина Новаци. Општината има политика за определување на потребите од набавки и нивното вклучување во годишниот план за јавни набавки, за кои ќе се спроведува јавна набавка. Политиката е во насока на стратешкиот план и одобрениот буџет, според програми, подпрограми и ставки.
Договорите кои беа предмет на преглед и оценка од ревизијата се склучени во форма и со содржина предвидена во „Правилникот за задолжителните елементи во тендерската документација“.
Нема сомнеж, дека јавните набавки претставуваат област, каде ризиците од незапазувањето на сложената законска рамка, недостаток на транспарентност и избор на економски најпогодна понуда, се високи и бараат ефективен систем за внатрешна контрола, со цел нивно минимизирање.

## 2.ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

### *2.1. Вовед*

#### *-Основ за спроведување на ревизијата*

Ревизијата е направена како дел од годишниот план за ревизија за Општина Новаци, на Одделението за внатрешна ревизија во Општина Македонски Брод.

Внатрешната ревизија претставува независна објективна активност за проверување на информации и потврдување на нивната точност и давање совет со цел да придонесе во подобрувањето на работењето на субјектите. Таа им помага на субјектите да ги исполнат своите цели, применувајќи планиран, строго определен пристап на проценка и подобрување на усогласеноста во процесите на управување со ризикот, контролата и раководењето. Ревизијата се спроведува согласно принципите на законитост, независност, доверливост, непристрасност и професионалност.

#### *-Предмет и опфат на ревизијата*

**Предмет на ревизијата** е регуларност на јавни набавки за 2021 година во Општина Новаци од дефинирање на потребите за набавка, склучување на договорот од страна на договорните страни и реализација на договорите за јавна набавка.

**Ревизијата опфаќа** регуларност на јавните набавки од планирање, спроведување на постапка, склучување на договор со најповолниот економски оператор и реализација на договорите за јавна набавка.
Временски опфат: јавните набавки за 2021 година.

*-Цел на ревизијата*

**Цел на ревизијата** е да се добие разумно уверување дека се применува законската регулатива и другите интерни акти кои се однесуваат на јавните набавки во Општина Новаци.

***-Краток опис на користената ревизорска методологија***

Ревизијата е извршена во согласност со стратешкиот и годишниот план за внатрешна ревизија, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата и Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија. Со стандардите се бара ревизијата да се планира и подготви, со цел да се идентификуваат ризиците, значајните грешки, неправилности и неусогласености, да се обезбеди точно, објективно, концизно, конструктивно и навремено известување. Во текот на ревизијата користени се следните методи разговор со лицето овластено за јавни набавки, идентификување на ризиците и проверка на документите ( буџет за 2021 година, годишен план за јавни набавки, одлуки за јавни набавки, документи кои произлегуваат од спроведеното истражување на пазарот, изготвена тендерска документација, записник од отварање на понудите, евалуација на понудите, извештај од спроведена евалуација, ранг листа, покана до ЕО за учество на Е-аукцијата и доставување на конечна цена , извештај од Е-аукцијата, Одлука за избор на најповолен понудувач и Договор за јавна набавка, реализација на договорот за јавна набавка).

***-Податоци за претходните ревизорски извештаи***

Во изминатиот период направени се повеќе видови ревизии на јавните набавки во општина Новаци, при што се утврдувани неправилности и се давани препораки за нивно отстранување. Правена е ревизија и на утврдување на ефикасноста и ефективноста на внатрешните контроли во процесот на јавни набавки и давани се препораки за нивно подобрување. Во 2021 година направена е ревизија на јавните набавки под вредносниот праг за примена на законот за јавни набавки и дадена е препорака за внатрешните контроли.

Регуларноста во процесот на јавни набавки е одговорност **на *Градоначалникот на*** Општина Новаци и овластеното лице за јавни набавки.
Обврска на внатрешните ревизори е да издадат извештај, во кој ќе дадат независно, објективно и разумно уверување и проценка дали во процесот на јавни набавки е почитувана законската регулатива од планирање на јавните набавки до нивна реализација. Период во кој што беше извршена ревизијата е 01.02.2022 до 27.05.2022 година.

## *2.2.Опис на системот/процесот*

Процесот на јавни набавки е разгледуван во три фази:

1.Планирање на јавните набавки во годишен план за јавни набавки ,
2.Спроведување на постапка за јавни набавки,
3.Реализација на договорот за јавни набавки.

Врз основа на утврдените извори на финансирање, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година. Планот за јавни набавки го донесува одговорното лице во договорниот орган заклучно до 31.01 во тековната година со можност за измена и дополнување на истиот во текот на годината.

Спроведувањето на постапката на јавни набавки започнува со донесување на Одлука за јавна набавка. Овластеното лице за јавни набавки ги изготвува сите пропратни документи поврзани со набавката, а може да учествува во Комисијата за јавна набавка, која го води целиот процес до донесување на одлука за избор на најповолен економски оператор. По запазување на сите законски рокови во постапката Одговорното лице во договорниот орган склучува Договор за јавна набавка со избраниот економски оператор.

Реализацијата на договорот за јавна набавка ја контролира овластено лице, државен службеник, вработен во секторот или одделението од каде е побарана јавната набавка. Раководителот на сектор/одделение по реализацијата на договорот, до одделението за финансиски прашања доставува барање за плаќање со сите пропратни документеи за реализираниот договор.

## *2.3. Наоди и препораки и заклучоци*

Во текот на ревизијата направена е проверка на постапките на 3 јавните набавки со поедноставена отворена постапка од вкупно 12 и една отворена постапка од вкупно 4 спроведени постапки.

Јавните набавки според видот, постапките и вкупната вредност по видови, спроведени во општината се прикажани подолу во табела:

| JH / Видови постапки | стоки | услуги | работа | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Мала вредност | 12 | 11 | 3 | **26** |
| Поедноставена отворена | 2 | 7 | 3 | **12** |
| Отворена | 0 | 0 | 4 | **4** |
| **Вкупно:** | **14** | **18** | **10** | **42** |
| **Вкупна вред.** | **38.360.310** | **9.270.617** | **5.617.786** | **53.348.789** |

Врз основа на извршената ревизија утврдени се следниве наоди, заклучоци и препораки:

### *2.3.1.Наод и заклучок*

Сите предмети што беа предмет на разгледување, укажуваат дека е запазена процедурата во сите постапки и дека се почитува законската регулатива. Целокупната документација е според пропишаните норми и обрасци, согласно Законот за јавни набавки. За сите јавни набавки спроведени од страна на овластеното лице за јавни набавки е формирано досие, со сите потребни документи. Уредно се води регистар за јавни набавки и навреме се доставува до Бирото за јавни набавки, во рок утврден согласно Законот за јавни набавки . Ревизијата **заклучи** дека е почитувана и спазена процедурата за јавни набавки од донесување одлука за јавна набавка до склучување на договорите .

### *2.3.2.Наод и заклучок*

Во постапката за јавни набавки, **Комисијата за јавни набавки** го спроведува отварањето на понудите во присуство на одговорното лице на економските оператори или со определени претставници со полномошно потпишано од страна на одговорните лица на економските оператори и составува Записник од отворање на понуди за доделување на договор за јавна набавка и за евалуација на понудите, извештај од спроведената евалуација на понудите, ранг листа на добиените понуди, доставување на покана до економските оператори за доставување на конечна цена преку системот за е-аукција и изготвување на предлог одлука за избор на најповолен економски оператор.

Од увидот во документацијата што беше презентирана, се констатира дека во досиејата за јавни набавки има **уредно потпишани изјави за постоење / непостоење на судир на интереси** , од членовите на комисиите за јавни набавки кои ја спроведуваат соодветната постапка и од одговорното лице.

### *2.3.3. Наод и заклучок*

Посебно внимание посветивме на **договорите,** на **рокот** на склучување и нивната **содржина**, со цел да се осигури, дека е склучен договорот по истекот на рокот за жалби т.е. од денот на конечноста на одлуката по жалба и дека договорот е во пропишаната форма и содржина .

При тоа се заклучи дека, договорите се склучени во законски пропишаниот рок од денот на донесување на одлука за избор, со почитување на рокот за жалби. Склучените договори се во соогласност со пропишаните елементи кои се составен дел од тендерската документација.

### *2.3.4. Наод и заклучок*

За да се утврди во која мера потребата од јавна набавка е изразена, оценета и вклучена во планот за јавни набавки и е соодветна на потребата на програмата за работа на Општина Новаци ревизијата се послужи со методот на истражување и утврди дека потребите за јавни набавки се навремено испланирани и предвидени. **Годишниот план за јавни набавки** ги вклучува сите набавки по приоритети, а во случај на итност и ургеност

за одредени услуги, како и за работи што неможеле да се предвидат е правено дополнување и измена на планот.

### *2.3.5. Наод и заклучок*

Ревизијата направи анализа на документација од одбраниот примерок, за да се осигури дека се планирани и обезбедени средства со буџетот, дека со финасиски план се планирани, а во Планот за јавни набавки се предвидени набавките, пред да се донесе Одлука за јавна набавка.

Врз основ на анализата на планирани и обезбедени средства со буџетот за 2021 год. по програми, подпрограми и ставки, анализа на **финансиският план** за 2021 год. на Општина Новаци и **Годишниот план за јавни набавки** 2021 год., ревизијата констатира дека на 01.01.2021 година вкупните капитални расходи во буџетот се усогласени по сите три основи, а одлуките се рационални. Одлуката која се донесува за јавни набавки е во пропишана форма и содржина соодветно на законската регулатива.

### *Укажување по однос на препораките дадени во Конечниот извештај за спроведена ревизија на јавните набавки под вредносниот праг за примена на законот за јавни набавки во општина Новаци во 2021 година за период од 01.01.2020-31.12.2020 година*

Во текот на оваа ревизија направивме проверка дали се спроведени препораките дадени во Конечниот извештај за ревизија на јавните набавки под вредносниот праг за примена на Законот за јавни набавки. Изготвена е пишана процедура за процесот на јавните набавки и набавките под вредносниот праг за примена на законот за јавни набавки согласно препораката. Направен е увид во кварталната евиденција за реализираните набавки под вредносниот праг за примена на законот за јавни набавки во Општина Новаци, при што констатирано е дека е надмината законската рамката од 12.000 евра во денарска противвредност на годишно ниво.

Изготвил:
Внатрешен ревизор
Велјанка Србиноска

Контролирал:
Раководител на одделение за ВР
Билјана Бошкоска